# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

06 декември 2013 | Излегува по потреба | Година VIII | број 15



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2013/2014 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Програмата за работа со деца со посебни потреби во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2013/2014 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/1**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за работа со деца со посебни потреби на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2013/2014 година, Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2013/2014 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на одлуката за донесување на Програмата за работа со деца со посебни потреби во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2013/2014 година, бр.02-382/4 од 31.10.2013 година, донесена од Управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/3**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И КОРЕКЦИЈА НА РАМНИ СТАПАЛА НА ДЕЦА ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2013/2014 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Програмата за превенција и корекција на рамни стапала на деца во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2013/2014 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/2**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 116 став (1) алинеја 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програмата за превенција и корекција на рамни стапала на деца во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2013/2014 година, Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И КОРЕКЦИЈА НА РАМНИ СТАПАЛА НА ДЕЦА ВО ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД 2013/2014 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на одлуката за донесување на Програмата за превенција и корекција на рамни стапала на деца во ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2013/2014 година, бр.02-382/5 од 25.09.2013 година, донесена од Управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на ЈУДГ "25 МАЈ" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/4**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2014 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/3**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 и 119/13), член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката на Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2014 година, бр.02-113/4 од 18.11.2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2014 година, бр.02-113/4 од 18.11.2013 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007".

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007".

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/5**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2014 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/4**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12 и 119/13), член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката на Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007", за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2014 година, бр.02-112/5 од 18.11.2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2014 година, бр.02-112/5 од 18.11.2013 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007".

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007".

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/6**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2014 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/5**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2014 ГОДИНА

### ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува одржување на јавните зелени површини како и комуналната чистота на Општина Гази Баба, преку ангажирање на невработени лица кои се опфатени со оваа Програма.

Во Програмата ќе бидат опфатени целите, целните групи на кои се однесува самата програма, целното подрачје и локација, планот споредување и динамика на извршување на активностите, организационата структура, финасиски план, надзор и резултатите што се очекуваат од проектот.

Одржувањето на чистотата на јавните зелени површини и комуналната чистота на подрачјето на Општина Гази Баба, е една од основните и приоритетни задачи во работењето на општината.

Преку оваа Програма која ќе трае во тек на 2014 година, се очекува да се постигне повисоко ниво на јавна чистота и заштита на животната средина на целото подрачје на Општина Гази Баба, а со ангажирање на ниско квалификувани и повозрасни лица и можноста за вработување а во насока на намалување на сиромаштијата.

### 1.РАМКА НА ПРОЕКТОТ

### 1.1 ОСНОВА

1.1.1. Општ контекст

Програмата е дизајнирана како одговор на приоритетните потреби на општината за намалувања на социјалните и економските проблеми и тензии предизвикани пред се од светската економска криза. Програмата е фокусирана на креирање на можност за вработување на долгорочно евидентирани невработени лица, кои се ниско квалификувани и повозрасни лица (над 55 години). Програмата е предвидена заради стекнување на одредена практични знаења и вештини со целна претпоставка за целосно вработување како и за намалување на невработеноста и сиромаштијата.

1.1.2. Вклучени организации

Носител на активностите на програмата ќе биде Општина Гази Баба, а нејзини партнери

ќе бидат ЈКП "Гази Баба - 2007" кое е одговорно за руралниот дел на општината, и градските јавни претпријатија "Паркови и зеленило" и "Комунална хигиена" кои го третираат урбаниот дел на општината.

Овие три јавни претпријатија ќе учествуваат со логистичка подршка на сите активности поврзани со оваа програма.

### 1.2.1. Анализа на проблемот

Имајќи ја во предвид невработеноста и статистичките параметри за најчесто споменуваните проблеми во одделението за комуникација со граѓаните на Општина Гази Баба. Оваа Програма ја гледаме како можност за нивно привремено ангажирање во извршување на јавните работи во општината.

Во Општина Гази Баба јавните зелени површини и другите јавни површини често се предмет на деструкција од страна на несовесното население, но и од недоволно развиена свест за јавна чистота кај населението, а од друга страна јавните претпријатија кои се задолжени за одржување на јавна чистота како и за одржување и обновување на зелените површини немаат доволно капацитет во човечки ресурси како и во опрема, механизација и алат навремено и квалитетно да ги извршуваат задачите.Затоа се наметнува потреба за додатно ангажирање на лица за одржување на комунална хигиена и јавните зелени површини.

### 1.2.2. Релевантни активности

Од изминатиот период би можеле да ги издвоиме проектите кои ги третираа тековните проблеми со невработеноста, ставајќи акцент на младото работоспособно население до 35 години, главно со високо и средно образование. Од успешното спроведување на тие проекти изградивме и човечки и технички капацитет во создавањето на претпоставки за поврзување на големата армија на невработени лица со постојната деловна заедница на Општина Гази Баба, а во функција на остварување на взаемните интереси на сите чинители во тој процес-централната власт, локалната самоуправа, деловната заедница и секако големиот број на невработени лица - создавање на одржлива локална економија со крајна цел на намалување на висока стапка на невработени лица во Општина Гази Баба.

Со оваа Програма ја прошируваме можноста за активирање на долгорочно невработените и социјално загрозени лица со понизок степен на образование и повозрасни лица.На овој начин даваме можности и на оваа најзагрозена категорија на долгорочно невработени и социјално загрозени лица со цел нивно реинтегрирање на пазарот на работа сила.

Со ангажирање на 60 работника од евиденција на долгорочно невработени и социјално загрозени лица на Агенција за вработување и општинскиот центар за социјална работа, со средно и понизок степен на образование, во текот на цела 2014 година, ќе оствариме неколку цели:

- Прво, ќе обезбедиме можност за овие лица после подолг временски период да ги реинтегрираме на пазарот на работна сила;
- Второ, преку стекнување на соодветно работно искуство и работна етика во текот на работниот процес да си остварат можност за нивно евентуално долгорочно ангажирање;

- Трето, на овој начин ќе обезбедиме континуирано одржување на зелените површини и комуналнита чистота кои се се почесто предмет на деструктивно однесување на одредени несовесни жители; и

- Четврто, континуирано разубавување на јавните зелени површини и другите јавни површини, а пред се подигнување на свест на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето. Во таа смисла сметаме дека оваа Програма ќе понуди и финансиска и институционална одржливост на долгорочна основа.

## 2. ОПИС НА ПРОГРАМАТА

2.1.Цели на Програмата

2.1.1. Општа цел

- Да се обезбеди времено решение за хронично невработени и социјално загрозени лица со цел намалување на социјалните тензии и раздвижување на пазарот на работна сила;
- Да се обезбедат со соодветно работно искуство долгорочно невработените и социјално загрозени лица со цел нивна реинтеграција на пазарот на работна сила;
- Континуирано одржување на јавнато зеленило кое се почесто е предмет на деструкција од страна на несовесното население; и
- Континуирано разубавување на зелените површини, одржување на комунална чистота и подигнување на свеста на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето.

2.1.2 Цел на Програмата

Креирање на 60 работни места во текот на цела 2014 година.

2.2 Целна група

Долгорочно невработени лица од Општина Гази Баба евидентирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

2.3 Активност

Главни активности:
- расчистување на јавното зеленило од цврст одпад;
- расчистување на училишните дворови и дворовите на градинките;
- континуирано косење на тревниците на јавното зеленило (паркови,блоковско зеленило, зеленило долж улиците);
- полевање на јавното зеленило;
- одржување на сообраќајните површини (тротоарите, велосипедски патеки);
- одржување на детските игралишта;
- одржување на плоштадите;
- уредување и чување на парковите; и
- ископување и чистење на каналите во општината.

2.4 План на спроведување

2.4.1 Тековно одржување на археолошкото наоѓалиште Тумба Маџари

Археолошкото наоѓалиште "Тумба Маџари" од младото камено време (неолит) укажува на фактот дека на овие простори се живеело и творело од самиот почеток на човештвото.

Од наодите откриени во населбата се истакнуваат керамички модели на куќи оформени во вид на фигура на жена, кои во современото живеење на општината стануваат дел од идентитет и симболите на општината.

Поради непроценливото културно и историско богатство на овој локалитет потребно е негово тековно одржување. За таа цел ќе бидат ангажирани 2 работника.

2.4.2 Одржување на јавна чистота и зелените површини на Општина Гази Баба

Бидејќи јавната чистота на територијата на општината континуирано се нарушува од страна на несовесното население, се укажува потреба и од континуирани активности за нејзино одржување.

За таа цел ќе бидат ангажирани 50 работници кои ќе бидат распоредени на целата територија на општината.

2.4.3. Времетраење на Програмата

Оваа Програма ќе трае во текот на целата 2014 година.

Алат и прибор

Со оглед на тоа што Општината како и ЈКП „Гази Баба - 2007", како нејзин партнер веќе располагаат со определен вид на прибор, алат и машини и истите ќе бидат искористени за реализација на оваа Програма.

Опрема за безбедност при работа

Обезбедување и на оптимални и сигурни услови за работа со цел да се зачува животот и здравјето, како и работната способност на работниците, интегритетот и личната сигурност ќе бидат од примарно значење.

Опремата за безбедност и здравје при работа треба да е во согласност со правилникот за безбедност при работа, со кој се уредуваат мерките за заштитата при работа, обврските на работодавецот и правата и обврските на работниците во областа за заштита при работа.

Упатството за оспособување на работниците за безбедност при работа, нормативот на неопходни лични безбедностни средства ќе се изврши при обука на работниците за користење на потребните алати и машини.

2.4.4. Финансиска конструкција за реализација на Програмата

| Буџет на проектот | По предлог проект | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци | Единица (по месец) | Бр.на единица | Сума по един. (во МКД) | Вкупно трошоци (во МКД) |
| 1.Човечки ресурси | | | | |
| 1.1.Надоместоци (бруто износи ,локални) | | | | |
| 1.1.2.Од програмата | 12 | 60 | 9.000 | 6 480 000,00 |
| 1.3.Други(персонален данок) | 12 | 60 | 1.000 | 720 000,00 |
| 1.4 ХТЗ Опрема | | 60 | 1.375 | 82.500,00 |
| 1.5 Осигурување на дополнително професионално заболување | 12 | 60 | 612 | 440..640,00 |
| **ВКУПНО** | | | | 7.723.140,00 |

2.4.5. Надзор при реализирање на Програмата.

Надзорот при спроведување на оваа Програма ќе се врши од страна на овластениот комунален инспектор на Општина Гази Баба.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 01.01.2014 година.

**Број 07-5140/7**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - СЕПТЕМВРИ 2013 ГОДИНА

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Септември 2013 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/6**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 32 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Септември 2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - СЕПТЕМВРИ 2013 ГОДИНА

1. Се усвојува Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Септември 2013 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/8**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ И ИЗВРШУВАЊЕ**
**НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - СЕПТЕМВРИ 2013 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2013 ГОДИНА**

## 1. Вовед

### 1.1 Основни податоци за Општината

**-Општина Гази Баба** е формирана на 3 ноември 1976 година.

**-Број на жители**

Во Општина Гази Баба живеат 76.458 жители од кои според етничката припадност 73,5% се Македонци; 17,3% се Албанци; 2,9% се Срби; 2,9% се Роми; 0,8% се Турци; 0,3% се Власи и 1,3% се останати.

**-Просечна возраст**

Просечна возраст на населението во Општина Гази Баба е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**-Површина и населени места**

Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 км2 од која голем дел припаѓа на руралниот дел со 59,8 км2 обработливо земјиште. Населени места во општината се: Автокоманда, Железара, Ќерамидница, Хиподром, Маџари 1, Маџари 2, Триангла, Вардариште, Крсте Мисирков, Јане Сандански, Тубарево, Гоце Делчев, Питу Гули, Јурумлери, Колонија Идризово, Инџиково, Стајковци, Алија Авдовиќ, Страчинци, Црешево, Смиљковци, Виниче, Булачани, Раштак и Брњарци кои се организирани во 25 месни заедници, 10 во урбаниот дел и 15 во руралниот дел на општината .

**Скопје - Општина Гази Баба**



# I. ПРИХОДИ

Вкупните приходи во буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-септември 2013 година се остварени во вкупен износ од **417.724.550,00** денари или **46,13%** во однос на вкупно планираните приходи во Буџетот за 2013 година во износ од **905.614.000,00** денари. Планираните приходи во Буџетот за 2013 година, остварените приходи за периодот јануари-јуни 2013 година и реализираните приходи за периодот јануари-јуни 2012 година групирани по оделни видови на приходи изнесуваат:

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2013 година | ИИИ - Кватрал 2012 година | ИИИ- Кватрал 2013 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | 71 | ДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 251.150.000 | 85.261.483 | 83.353.756 | 33,19% | 97,76% |
| | 72 | НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ | 6.080.000 | 3.596.827 | 4.005.537 | 65,88% | 111,36% |
| | 73 | КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ | 82.000.000 | 36.317.874 | 43.665.163 | 53,25% | 120,23% |
| | 74 | ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ | 65.300.000 | 43.729.000 | 24.378.627 | 37,33% | 55,75% |
| 1 | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 404.530.000 | 168.905.184 | 155.403.083 | 38,42% | 92,01% |
| 2 | | ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ | 342.000.000 | 249.960.805 | 236.909.097 | 69,27% | 94,78% |
| 3 | | ВКУНПО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ | 6.500.000 | 1.159.466 | 2.210.640 | 34,01% | 190,66% |
| 4 | | ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 62.000.000 | 25.400.279 | 23.201.730 | 37,42% | 91,34% |
| 5 | | ВКУНПО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ | 90.584.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | 905.614.000 | 445.425.734 | 417.724.550 | 46,13% | 93,78% |

**Приходите на Основниот буџет** се остварени во износ од **155.403.083,00** денари или **38,42%** во однос на планираните приходи во Буџетот за 2013 година кои изнесуваат **404.530.000,00** денари.

Кај **Приходи од донации** за периодот јануари-септември 2013 година бележиме остварување од **2.210.640,00** денари или **34,01%** во однос на планот.

**Приходите од блок дотациите** наменети за финансирање на основните училишта и детските градинки на територија на Општината се остварени во износ од **236.909.097,00** денари или **69,27%** во однос на планираните во Буџетот за 2013 година кои изнесуваат **342.000.000,00** денари и

**Приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки се остварени во износ од **23.201.730,00** денари или **37,42%** во однос на планираните во Буџетот за 2013 година кои изнесуваат **62.000.000,00** денари.

Споредено со истиот период од 2012 година вкупни приходи бележат остварување со индекс од **93,78%** од кои :

- Приходите на Основниот буџет се со индекс од **92,01%,**
- Приходите од блок дотациите за основните училишта и детските градинки со индекс од **94,78%,**
- Приходите од донации со индекс од **190,66%,** и
- Приходите од самофинансирачки активности на основните училишта и детските градинки со индекс од **91,34%.**

Графичкиот приказ на остварените приходи на Општината за периодот јануари-септември 2013 година и на нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2013 година класифицирани по одделни видови на приходи може да се види од следното :




Структурата на приходите на основниот буџет на општината како и нивниот план и реализацијата се претставени во следниот графикон:




Аналитичкиот приказ на остварувањето на оделните видови на приходи на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-септември 2013 година година по ставки и подставки и нивната споредба со планираните приходи во Буџетот за 2013 година и со остварените приходи за истиот период во 2012 година е даден во следниот табеларен преглед :

| ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2013 година | ИИИ - Кватрал 2012 година | ИИИ- Кватрал 2013 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** | **905.614.000** | **445.425.734** | **417.724.550** | **46,13%** | **93,78%** |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ** | **404.530.000** | **168.905.184** | **155.403.083** | **38,42%** | **92,01%** |
| | **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **251.150.000** | **85.261.483** | **83.353.756** | **33,19%** | **97,76%** |
| **1** | **711** | **Данок од доход, од добивка и од капитални добивки** | **13.050.000** | **8.249.956** | **8.714.314** | **66,78%** | **105,63%** |
| | 711111 | Данок на плати на вработени лица корисници на средства од Буџетот на РМ и на ЕЛС. | 3.500.000 | 2.172.190 | 2.185.579 | 62,45% | 100,62% |
| | 711112 | Данок на плати на вработени лица во трговски друштва и јавни претпријатија | 8.800.000 | 5.621.659 | 6.072.739 | 69,01% | 108,02% |
| | 711114 | Данок на плати остварени во странство | 100.000 | 51.652 | 48.214 | 48,21% | 93,34% |
| | 711133 | Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 400.000 | 265.400 | 317.971 | 79,49% | 119,81% |
| | 711139 | Данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 230.000 | 130.368 | 89.671 | 38,99% | 68,78% |
| | 711140 | Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 20.000 | 8.687 | 140 | 0,70% | 1,61% |
| **2** | **713** | **Даноци на имот** | **65.000.000** | **34.250.083** | **34.489.779** | **53,06%** | **100,70%** |
| | 713111 | Данок на имот | 12.500.000 | 8.979.282 | 11.841.446 | 94,73% | 131,88% |
| | 713113 | Данок на имот од правни лица | 15.000.000 | 8.981.142 | 8.871.508 | 59,14% | 98,78% |
| | 713211 | Данок на наследство и подарок | 5.000.000 | 2.186.051 | 1.243.684 | 24,87% | 56,89% |
| | 713311 | Данок на промет на недвижности | 21.000.000 | 9.434.039 | 8.138.214 | 38,75% | 86,26% |
| | 713312 | Данок на промет на недвижности по повисока стапка | 11.000.000 | 4.623.566 | 4.246.548 | 38,60% | 91,85% |
| | 713512 | Камата за ненавремено плаќање на данокот на имот | 500.000 | 46.003 | 148.379 | 29,68% | 322,54% |
| **3** | **717** | **Даноци на специфични услуги** | **173.000.000** | **42.744.306** | **40.126.618** | **23,19%** | **93,88%** |
| | 717112 | Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија | 10.000.000 | 5.717.433 | 6.406.587 | 64,07% | 112,05% |
| | 717115 | Комунална такса за користење на улици со возила што се плаќа при регистрација на возилата | 3.400.000 | 2.753.474 | 1.833.724 | 53,93% | 66,60% |
| | 717116 | Комунална такса за користење и одржување на јавно осветление | 41.000.000 | 21.667.453 | 22.078.782 | 53,85% | 101,90% |
| | 717118 | Надомест за трајна пренамена | 0 | 0 | 2.450.458 | #ДИВ/0! | #ДИВ/0! |
| | 717131 | Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 200.000 | 100.052 | 117.868 | 58,93% | 117,81% |
| | 717129 | Др.комунални такси(витрини,музика и сл.) | 100.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717135 | Комунална такса за користење на плоштади и деуг простор. | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 118.300.000 | 12.505.894 | 7.239.199 | 6,12% | 57,89% |
| **4** | **718** | **Такси на користење или дозволи за вршење на дејност** | **100.000** | **17.138** | **23.045** | **23,05%** | **134,47%** |
| | 718134 | Надомест за управување со отпад на општината, односно Гр. Ск. | 100.000 | 17.138 | 23.045 | 23,05% | 134,47% |
| | **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **6.080.000** | **3.596.827** | **4.005.537** | **65,88%** | **111,36%** |
| **5** | **722** | **Глоби, судски и административни такси** | **1.000.000** | **737.270** | **718.290** | **71,83%** | **97,43%** |
| | 722315 | Административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата | 1.000.000 | 737.270 | 718.290 | 71,83% | 97,43% |
| **6** | **723** | **Такси и надоместоци** | **600.000** | **273.417** | **185.000** | **30,83%** | **67,66%** |
| | 723911 | Закупнина од објекти | 500.000 | 256.000 | 185.000 | 37,00% | 72,27% |
| | 723914 | Приходи од закупн.на општествен имот | 100.000 | 17.417 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| **7** | **724** | **Други владини услуги** | **480.000** | **117.000** | **128.471** | **26,76%** | **109,80%** |
| | 724112 | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 724125 | Приходи од тендери (јавни нарачки) | 480.000 | 117.000 | 128.471 | 26,76% | 109,80% |
| **8** | **725** | **Други неданочни приходи** | **4.000.000** | **2.469.140** | **2.973.776** | **74,34%** | **120,44%** |
| | 725939 | Останати неданочни приходи | 4.000.000 | 1.656.613 | 2.973.776 | 74,34% | 179,51% |
| | **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **82.000.000** | **36.317.874** | **43.665.163** | **53,25%** | **120,23%** |
| **9** | **733** | **Продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **82.000.000** | **36.317.874** | **43.665.163** | **53,25%** | **120,23%** |
| | 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште на Р.М. | 2.000.000 | 1.335.550 | 15.591 | 0,78% | 1,17% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 733118 | Надомест за концесии за детални геолошки истражувања | 2.500.000 | 1.553.760 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 733119 | Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини ( по основа на простор) | 500.000 | 304.439 | 155.688 | 31,14% | 51,14% |
| | 733120 | Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини по основа на експлоатирана минерална суровина) | 1.500.000 | 1.049.870 | 520.686 | 34,71% | 49,60% |
| | 733131 | Приходи од надомест за закупнина | 500.000 | 392.385 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 733132 | Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште | 37.000.000 | 8.052.380 | 4.644.110 | 12,55% | 57,67% |
| | 733144 | Надоместок за утврдување на статус на бесправно изградени објекти | 38.000.000 | 23.629.490 | 38.329.088 | 100,87% | 162,21% |
| | **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **65.300.000** | **43.729.000** | **24.378.627** | **37,33%** | **55,75%** |
| **10** | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **65.300.000** | **43.729.000** | **24.378.627** | **37,33%** | **55,75%** |
| | 741111 | Тековни трансфери од други нивоа на власт | 500.000 | 70.000 | 1.000.000 | 200,00% | 1428,57% |
| | 741113 | Трансфери од буџетите на фондовите | 7.500.000 | 7.283.460 | 5.783.460 | 77,11% | 79,41% |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | 0 | 22.509.439 | 5.387.695 | 0,00% | 23,94% |
| | 741115 | Дотации на општината, од приходи од ДДВ | 18.300.000 | 10.618.760 | 12.207.472 | 66,71% | 114,96% |
| | 741211 | Капитални трансфери од други нивоа на власт | 39.000.000 | 3.247.341 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД БЛОК ДОТАЦИИ** | **342.000.000** | **249.960.805** | **236.909.097** | **69,27%** | **94,78%** |
| **11** | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **342.000.000** | **249.960.805** | **236.909.097** | **69,27%** | **94,78%** |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активности од образованието | 270.000.000 | 189.188.794 | 190.983.000 | 70,73% | 100,95% |
| | 741120 | Наменска дотација на општината за активности од соц. заштита | 72.000.000 | 60.772.011 | 45.926.097 | 63,79% | 75,57% |
| | 741114 | Пренесен вишок | 0 | 0 | 0 | 0,00% | #ДИВ/0! |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ** | **6.500.000** | **1.159.466** | **2.210.640** | **34,01%** | **190,66%** |
| **12** | **741** | **Трансфери од други нивоа на власт** | **0** | **1.159.466** | **2.210.640** | **0,00%** | **190,66%** |
| | 741114 | Пренесен вишок на приходи | **0** | 1.159.466 | 2.210.640 | 0,00% | 190,66% |
| | 741117 | Наменска донација | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| **13** | **742** | **Донации од странство** | **1.500.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 742111 | Приходи од ОН | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | 742119 | Други општи и тековни донации | 1.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| **14** | **743** | **Капитални донации** | **3.500.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 743211 | Капитални донации | 3.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| **15** | **744** | **Тековни донации** | **1.500.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 744111 | Донации од приватни компании | 1.500.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| | | **ПРИХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | **62.000.000** | **25.400.279** | **23.201.730** | **37,42%** | **91,34%** |
| **16** | **723** | **Такси и надоместоци** | **62.000.000** | **25.400.279** | **23.201.730** | **37,42%** | **91,34%** |
| | 723116 | Надоместоци за оброци во училишта, градинки и други институции | 62.000.000 | 25.400.279 | 23.201.730 | 37,42% | 91,34% |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД КРЕДИТИ** | **90.584.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| 17 | **754** | **Друго домашно задолжување** | **90.584.000** | **0** | **0** | **0,00%** | **0,00%** |
| | 754111 | Друго домашно задолжување | 90.584.000 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |

Од прикажаните податоци во табелата може да се види дека вкупните приходи на **Основниот буџет** на Општината за периодот јануари-септември 2013 год. се остварени во износ од **155.403.083,00** денари или **38,42%** што представува пониско остварување во однос на истиот период во 2012 година за **7,09%**. Битно е да се нагласи дека послаботo остварување на приходите е во најголем дел резултат на промената во методологијата за изготвување на финансиските извештаи на општините согласно насоките дадени од Министерство за финансии според кои целокупното салдо од ставката 741114-пренесениот вишок од предходната година не го бележиме како реализиран приход во тековната година туку има третман на прилив и се бележи дел од истиот, односно само износот кој е искористен за покривање на платените расходи во тековната буџетска година кои се реализирани во претходната година.

Приходите во буџетот на општината поединечно по видови на приходи го бележат следното остварување и тоа:

- Приходите од **данокот на доход, од добивка и од капитални добивки** кои се остварени во износ од **8.714.314,00** денари односно со индекс од **66,78%** во однос на

планираните за 2013 година во износ од **13.050.000,00** денари. Споредбено со истиот период од 2012 година постои зголемување во наплатата од **5,63%.**

- Приходите од **даноците на имот** се остварени во износ од **34.489.779,00** денари и индекс од **53,06%** во однос на планираните **65.000.000,00** денари, од кои повисока наплата е реализирана кај **данокот на имот од физички лица со индекс од 94,73%.** Зголемувањето во наплатата кај данокот на имот настана како резултат на континуираните активности во ажурирањето на базата на даночни обврзници и од променетиот начинот на дистрибуција на даночните решенија која по втор пат и оваа година дистрибуцијата на истите ја изврши Општина Гази Баба, наместо дистрибуцијата која во предходните година ја вршеше А.Д. Македонски пошти.

- Приходите од **данокот на специфични услуги** бележат остварување во износ од **40.126.618,00** денари или **23,19%** во однос на планираните приходи во Буџетот за 2013 година кои по овој основ се планирани **173.000.000,00** денари во чии рамки спаѓаат приходите од комуналната такса за улично осветлување со индекс од **53,85%** или **22.078.782,00** денари, приходите од комунални такси за истакнување на реклами и фирмарина со индекс од **64,07%** или **6.406.587,00** денари во однос на планираните **10.000.000,00** денари за 2013 година и приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште во износ од **7.239.199,00** денари односно со индекс од **6,12**%.

Приходите од **такси за дозволи за вршење на дејност** изнесуваат **23.045,00** денари или **23,05%** во однос планираните **100.000,00** денари за 2013 година.

Приходите од **глоби, судски и административни такси** изнесуваат **718.290,00** денари или **71,83%** во однос планираните **1.000.000,00** денари за 2013 година.

Приходите од **такси и надоместоци** се остварени во износ од **185.000,00** денари односно со индекс од **30,83%** во однос на планираните **600.000,00** денари за 2013 год.

Приходите од **други владини услуги** изнесуваат **128.471,00** денари или **26,76%** во однос планираните **480.000,00** денари за 2013 година.

- Приходи од **други неданочни приходи** бележат остварување во износ од **2.973.776,00** денари односно **74,34 %** во однос на планираните **4.000.000,00** денари.

Приходите од **продажба на земјиште и нематеријални вложувања** се остварени во износ од **43.665.163,00** денари со индекс од **53,25%** во однос на планираните **82.000.000,00** денари за 2013 година, во од кои најголемиот дел се од реализирани од приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште со остварен износ од **4.644.110,00** денари односно **12,55%** во однос на планот и надоместокот за утврдување на статус на бесправно изградени објекти со остварување од **38.329.088,00** денари односно 100,87% во однос на планот кој изнесува **38.000.000,00** денари.

- Приходите од **трансфери од други нивоа на власт** се остварени со индекс од **37,33%** односно **24.378.627,00** денари.

За периодот јануари-септември 2013 година во делот на **наменските блок дотации** за финансирање на активностите на основните училишта и на детските градинки бележиме приходи од **трансфери од други нивоа на власт** во износ од **236.909.097,00** денари. Во овој период средствата беа редовно префрлани на наменската сметка на Општината за извршување на активностите кај овие корисници и истите бележат остварување од **69,27%** во однос на планираните за 2013 година. Во делот **на приходите од донации** бележиме остварување од **2.210.640,00** денари или **34,01**% во однос на планот.

Кај **приходите од донации** за периодот јануари-септември 2013 година остварување во износ **од 2.210.640,00** денари со индекс од **34,01**%

Кај **приходите од самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки бележиме остварување во износ **од 23.201.730,00** денари или **37,42**% во однос на планираните.

Кај **приливот од кредити** кој е наменет за финансирање на развојната програма 2013-2014 година која е вклучена во Буџетот за 2013 година, а со кои се предвидува користење на кредит од Светската банка преку подзаем од Министерство за финансии на Р. Македонија за изградба на нова зграда на О.У.,, Григор Прличев,, немаме во овој квартал реализација. Со неговата реализација е отпочнато во почетокот на овој месец. Истиот претставува надополнување на приходите за покривање на дефицитот финансиран од приливи од заеми.

## II. <u>РАСХОДИ</u>

За периодот јануари-септември 2013 година реализирани се вкупни расходи на Буџетот на Општина Гази Баба во износ од **405.637.602,00** денари или **44,79%** во однос на вкупно планираните расходи кои за 2013 година изнесуваат **905.614.000,00** денари, што представува остварување на расходите со **99,85%** во однос на истиот период во 2012 година.

Планираните расходи со Буџетот за 2013 година, извршените расходи за периодот јануари-септември 2013 година и извршените расходи за истиот период за 2012 година кои се класифицирани по оделни програми и подпрограми во Буџетот на Општина Гази Баба може да се видат од следната табела:

| РАСХОДИ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | | | Буџет | Реализација | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Конто | Програма / Ставка | 2013 година | ИИИ - Кватрал 2012 година | ИИИ - Кватрал 2013 година | 6/4 | 6/5 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | А0 | Совет на општина | 7.350.000 | 4.197.151 | 4.481.330 | 60,97% | 106,77% |
| 2 | Д0 | Градоначалник | 7.630.000 | 3.618.942 | 2.751.470 | 36,06% | 76,03% |
| 3 | Е0 | Општинска администрација | 78.800.000 | 45.126.267 | 51.909.946 | 65,88% | 115,03% |
За финансирање на **Програмата на Советот на Општината** планирани се расходи во висина од **7.350.000,00** денари. Во периодот јануари-септември 2013 година се потрошени вкупно **4.481.330,00** денари или **60,97%** во однос на планот. Од овие средства најголем дел беа искористени за исплата на:

-надоместоци на советниците во износ од 3.508.136,00 денари или 66,82% во оснос на планот,

-персонален данок на исплатениот надоместок на советниците во вкупен износ од 415.264,00 денари односно со 63,89% во однос на планираните,

-трошоци за репрезентација во износ од 61.321,00 денари односно со 15,33% во однос на планираните.

Расходите кои во периодот јануари-септември 2013 година беа извршени за финансирање на активностите на **Програмата на Градоначалникот** во износ од **2.751.470,00** денари, во однос на планираните средства во висина од **7.630.000,00** денари беа остварени со индекс од **36,06%.** Пониско остварување во однос на планираните расходи бележат следните расходи: расходите за репрезентација со индекс од 36,58% во однос на планираните кои изнесуваат 731.578,00 денари, трансфери при пензионирање во износ од 503.998,00 денари и индекс од 42,00% и еднократната парична помош и помош во натура во износ од 672.054,00 денари со индекс од 39,53%. Во делот на расходите за репрезентација најголемиот дел се однесуваат на средствата потрошени за реализација на разни програмски културни и спортски манифестации, како и за набавка на награди и признанија кои беа доделени на манифестациите организирани и одржани во Општината за периодот јануари-септември 2013 година. Останатите видови на расходи во овој период се извршени многу пониско од планираното извршување, а дел од планираните трошоци воопшто и не се извршени.

Расходите за финансирање на **Програмата за Општинската администрација** за периодот јануари-септември 2013 година се извршени во износ од **51.909.946,00** денари и истите се остварени со индекс од **65,88%** во однос на предвидените со Буџетот за 2013 година кои изнесуваа **78.800.000,00** денари. Извршувањето на расходите во однос на планираните е следното:

- патни и дневни расходи во вкупен износ од 106.713,00 денари со индекс од 21,34%,

- комунални трошоци во вкупен износ од 8.220.090,00 денари со индекс од 65,71%, од кои поголеми издатоци се реализирани кај расходите на следните подставки: електрична енергија во износ од 2.639.595,00 денари со индекс од 114,77% и телефон и телефакс во износ од 2.514.029,00 денари со индекс од 83,80%, а дел од планираните трошоци на одделни подставки воопшто и не се извршени.

- материјали и ситен инвентар во вкупен износ од 1.241.348,00 денари со индекс од 41,38%, од кои поголеми издатоци се реализирани кај расходите на следните подставки: списанија , весници и други изданија во износ од 377.215,00 денари со индекс од 75,44%

и други материјали во износ од 388.208,00 денари или 97,05%, а дел од планираните трошоци на одделните подставки воопшто и не се извршени

- поправки и тековно одржување во вкупен износ од 749.935,00 денари со индекс од 48,70%, од кои поголеми издатоци се реализирани кај расходите на следните подставки: одржување на други градби во износ од 151.834,00 денари со индекс 151,83% и поправки и одржување на машини во износ од 117.727,00 денари со индекс од 58,86%, а дел од планираните трошоци воопшто и не се извршени.

-договорни услуги во вкупен износ од 4.054.322,00 денари со индекс од 69,90%, од кои поголеми издатоци се реализирани кај расходите на следните подставки: изнајмување на друг тип простор во износ од 474.149,00 денари со индекс од 67,74%, осигурување на недвижности и права во износ од 120.168,00 денари со индекс од 60,08%, правни услуги во износ од 775.325,00 денари со индекс од 193,83%( во кој износ се вклучени нотарските услуги и услугите на извршителот за наплата на хипотеката), други здравствени услуги во износ од 98.550,00 денари односно 65,70% (за систематски преглед на вработените) и други договорни услуги во износ од 2.099.902,00 денари со индекс од 131,24%, а дел од планираните трошоци на одделните подставки воопшто и не се извршени

- други тековни расходи во вкупен износ од 2.622.268,00 денари со индекс од 57,01%, од кои поголеми издатоци се реализирани кај расходите на следните подставки: членарини во домашни организации во износ од 500.077,00 денари и објавување на огласи во износ од 905.784,00 денари со индекс од 113,22%.

-привремени вработувања во износ од 2.470.689,00 денари со индекс од 58,83%.

-трансфери до невладини организации во износ од 1.089.375,00 денари со индекс од 60,52%.

-разни трансфери во износ од 2.814.339,00 денари со индекс од 49,37% од кои поголеми издатоци се реализирани кај другите трансфери во износ од 2.714.339,00 со индекс од 51,21% за финансирање на опстинската изборна комисија и избирачките одбори.

Во **Програмата на капиталните трошоци на општината** за периодот јануари-септември 2013 година се реализирани расходи во вкупен износ од **2.367.789,00** денари кои во однос на планираните се реализирани со индекс од 28,19%, од кои најголем дел се однесуваат на расходите за:

-купување на информатичка опрема кои се реализирани во износ од 2.038.265,00 денари со индекс од 135,88% во однос на планираните и

-купување на друга опрема во износ од 25.464,00 денари со индекс од 5,09% во однос на планираните,

-реконструкција на други објекти во износ од 194.951,00 денари со индекс од 64,98% и,

- купување на канцелариски мебел во износ од 77.520,00 денари со индекс од 18,46% во однос на планираните.

За финансирање на **Програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот** (Ф1, Ф2, ФА и ФД) за периодот јануари-септември 2013 година се потрошени вкупно **39.665.595,00** денари или 27,42% во однос на планираните за 2013 година кои изнесува 144.650.000,00 денари. Во рамките на оваа програма реализирани се следниве трошења по подпрограми:

- урбанистичко планирање со реализација од **3.071.420,00 денари** со индекс од 17,06% во однос на планираните,

- уредување на градежно земјиште реализирано е 5.825,00 ден.,

- уредување на градежно земјиште (капитални инвестиции) се реализирани во износ од 36.492.350,00 денари со индекс од 30,00% во однос на планираните.

Кај Програмата за поддршка на локалниот економски развој имаме реализација во износ од 535.540,00 денари со индекс од 6,64% од вкупно планираните во буџетот од 8.070.000,00 денари.

Расходите извршени за **Пограмата за комунални дејности** за периодот јануари-септември 2013 година бележат извршување во износ од вкупно **50.488.848,00** денари или со 41,47% во однос на планот за 2013 година кој изнесува 121.750.000,00 денари. Во рамките на оваа програма кај подпрограмите:

- јавно осветлување се извршени расходи во износ од 19.067.413,00 денари со индекс од 75,37%. Карактеристично кај јавното осветлување е значајното намалување на овој расход од 41,07% во однос на минатата година односно намалување во износ од 13.287.907,00 денари.

- јавна чистота се извршени расходи во износ од 9.531.616,00 денари со индекс од 66,89%;

- одржување и заштита на локалните патишта се остварени расходи во износ од 3.215.170,00 денари, односно со 56,41% во однос на планот,

- одржување и користење на зеленило се остварени расходи во износ од 2.660,00 ден. со индекс од 0,89%

-изградба на јавно осветлување во износ од 18.146.973,00,00 денари или 66,23%,

-изградба и реконструкција на локални патишта се остварени расходи во износ од 525.016,00 денари, односно со 6,73% во однос на планот.

Кај подпрограмите изградба на системи за отпадни води и урбана опрема во рамките на оваа програма нема трошењето на средствата во овој извештаен период.

Расходите извршени за **Пограмата за култура** за периодот јануари-септември 2013 година бележат извршување во износ од вкупно **2.156.425,00** денари со индекс од 23,70% во однос на планот за 2013 година кој изнесува 9.100.000,00 денари од кои 1.981.209,00 денари или 48,32% се расходи за Потпрограмата културни манифестации и творештво и 175.216,00 денари или 3,50% за Потпрограмата културни манифестации и творештво (капитални трошоци).

Расходите извршени за **Пограмата за спорт и рекреација** за периодот јануари-септември 2013 година бележат извршување во износ од вкупно **1.046.140,00** денари со индекс од 34,53% во однос на планот за 2013 година кој изнесува 3.030.000,00 денари

Кај **Програмата Заштита на животната средина и природа** нема трошењето на средствата во овој извештаен период.

Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** за 2013 година може да се констатира дека ресорните министерства редовно вршеа префрлање на средствата за блок дотациите за финансирање на активностите на основните училишта и детските градинки. Во овој период основните училишта и детските градинки реализираа расходи во вкупен износ од **228.452.797,00** денари, односно 66,80% од планираните трошења на средства, што придонесе за извршување на планираните активности кај овие корисници. При тоа во основните училишта се реализирани расходи во вкупен износ од 184.674.529,00 денари, односно 68,40% од планираните расходи, а во детските градинки се реализирани расходи во вкупен износ од 42.047.787,00 денари, односно со индекс од 73,77%.

Кај **Расходите од донации** во извештајниот период 2013 година имаме реализација од **2.210.640,00 денари** односно 34,01% во однос на планираните во Буџетот за 2013 година од 6.500.000, 00 денари.

Во делот на расходите од **самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа реализирани расходи во износ од 19.571.082,00 денари или 31,57% во однос на планираните 62.000.000,00 денари.

Кај **расходите од кредити** не бележиме трошење во третиот квартал од 2013 година.

Треба да се истакне дека во овој извештаен период беше извршен **ребаланс на Буџетот за 2013** година на 3 та седница одржана на 31.05.2013 година во чии рамки настанаа само внатрешни прераспределби на средствата по ставки со цел поефикасно и пофлексибилно спроведување на функциите на општината.

Врз основа на презентираните податоци за остварување на приходите и за извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-септември 2013 година може да се констатира дека во целина трошењето на средствата на Буџетот се одвиваше наменски по одделни ставки и подставки и во пониски износи во однос на планираните расходи на ниво на ставка како резултат на пониско остварените приходи во однос на планираните. Оделните отстапувања се минимални во однос на оние трошења кои се многу пониски во однос на планираните и остварените приходи.

Во прилог на оваа информација се дава и извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-септември 2013 година на ниво на ставки (троцифрено конто).

***СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА***

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/7**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 67 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр.38/08..... и 24/13) а во врска со Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, бр.07-4328/1 од 27.09.2013 година, Советот на Општина Гази Баба, на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ

**Член 1**

За член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје при Унверзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се именува:

- **ИВИЦА ПЕТРОВСКИ.**

**Член 2**

Одлуката да се достави до Деканот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/9**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - ЗА ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНА И СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НАСЕЛБА ХИПОДРОМ - 2

1. Се објавува Планот на Програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/8**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

**П Л А Н**

**НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2 -**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба донесе План на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2.

**Член 2**

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Ознака на буџетска програма** | **ЈИ** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром II** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ЈИО** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **003892 322 66 55 / 3215 112** |
| **Функција:** | **Раководител на Сектор за локален економски развој** | **E-mail** | contact@gazibaba.gov.mk |
| **Адреса:** | **бул. „Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се подобри квалитетот на живот на новите жителите на новата урбана населба Хиподром, преку изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура која е во надлежност на општината до крајот на 2016 год.; Да се создадат комунални и сообраќајни предуслови за развој на новата резидентна населба Хиподром II; Заштита на животната средина и здравјето на новите жители на Хиподром II; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на комуналната и сообраќајната инфраструктура; |
| **Планирани активности** | 1 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 2 - Добивање на одобрение за градба; 3 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 4 - Изградба на секундарна комунална инфраструктура и локални улици во периодот 2014 - 2016 следејќи ја динамиката на градење на сопствениците на градежни парцели во Хиподром II; 5 - Вршење надзор при изградбата; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на секундарната комунална и сообраќајна инфраструктура до крајот на 2016 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на локацискиот и градежен потенцијал во новата резидентна населба Хиподром II од страна на домашните и странските инвеститори; 3 - Создавање на буџетски услови за следење на динамиката на градење на сопствениците на градежежно земјиште и градежни парцели во резидентната населба Хиподром II. | | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Подземните води во процесот на изградба на секундарната комунална и сообраќајна инфраструктура; 3 - Намалената динамика на градење на сопствениците на градежно земјиште и парцели; 4 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на секундарната комунална и сообраќајна инфраструктура ; | | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Јануари 2014 година | | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2016 година | | | | |
| **Вкупна вредност** | 90.000.000,00 денари | | | | |
| **Име на студија** | **Примарна каналска мрежа за отпадни води - колектор н.м. Трубарево - ПСОВ Идризово** | | | | |
| **Ниво на студија*** | ГП | | | | |
| **Автор/Фирма, Седиште** | **Техноградба Инжинеринг ДОО - Скопје** | | | | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 2008 година | | | | |
| | | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **30,000,000.00** | **30,000,000.00** | **30,000,000.00** | |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)

ИП = Идеен проект

ГП = Главен проект

ПФС = Предфизибилити студија

ФС = Физибилити студија

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Динамика за финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2014 | Предвидени расходи 2014 | 2014 | 2015 | 2016 | По 2016 година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (630) | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Буџетско учество | С | 90,000,000 | | | 30,000,000 | 30,000,000 | 30,000,000 | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Влада на РМ ** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупно заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **90,000,000** | | | **30,000,000** | **30,000,000** | **30,000,000** | **0** |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.

Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)*

**Член 3**

Овој план на програми за развој на Општина Гази Баба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/10**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - ЗА ИЗГРАДБА НА ПРИМАРНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА СМИЛКОВЦИ, ЦРЕШЕВО, ВИНИЧЕ, БУЛАЧАНИ, РАШТАК, СТРАЧИНЦИ И БРЊАРЦИ**

1. Се објавува Планот на Програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населените места Смилковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/9**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

**П Л А Н**

**НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- за изградба на примарна фекална канализација за н.м. Смилковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци -**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба донесе План на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за н.м. Смилковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци.

**Член 2**

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Ознака на буџетска програма** | **ЈИ** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на примарна фекална канализација за н.м. Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ЈИО** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **003892 322 66 55 / 3215 112** |
| **Функција:** | **Раководител на Сектор за локален економски развој** | **E-mail** | contact@gazibaba.gov.mk |
| **Адреса:** | **бул. „Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се подобри квалитетот на живот на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора, преку изградба на примарна фекална канализација до крајот на 2016 год.; Да се создадат комунални предуслови за динамичен рурален развој на населените места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Заштита на животната средина и здравјето на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на примарната фекална мрежа; |
| **Планирани активности** | 1 - Изработка на основен технички проект за изградба на примарната фекална мрежа во руралните населени места распослани на Скопска Црна Гора; 2 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 3 - Добивање на одобрение за градба; 4 - Распишување на јавен повик за јавна набавка за изведувач на проектот; 5 - Изградба на примарна фекална мрежа во горенаведените рурални населени места во периодот 2014 - 2016; 6 - Вршење надзор при изградбата; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на примарната фекална мрежа до крајот на 2016 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на руралниот локациски потенцијал во населените места распослани на Скопска Црна Гора од страна на домашни и странски инвеститори; 3 - Создавање на услови за решавање на секундарните фекални мрежи во наведениот рурален микро регион . | | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Планинскиот терен за изградба на примарната фекална мрежа; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на примарната фекална мрежа ; | | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Јануари 2014 година | | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2016 година | | | | |
| **Вкупна вредност** | 60.000.000,00 денари | | | | |
| **Име на студија** | | | | | |
| **Ниво на студија*** | ГП | | | | |
| **Автор/Фирма, Седиште** | | | | | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | | | | | |
| | | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **20,000,000.00** | **20,000,000.00** | **20,000,000.00** | |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија) ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2014 | Предвидени расходи 2014 | 2014 | 2015 | 2016 | По 2016 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Динамика за финансирање | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **Буџет (630)** | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Буџетско учество** | С | 60,000,000 | | | 20,000,000 | 20,000,000 | 20,000,000 | |
| **ДДВ** | | | | | | | | |
| **Вкупни донации** | | | | | | | | |
| **Влада на РМ **** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | | | | |
| **Вкупно заеми** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Други извори на финансирање ***** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **60,000,000** | | | **20,000,000** | **20,000,000** | **20,000,000** | **0** |

**** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).***

**** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој пооделно.**

**Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства**

******Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)***

**Член 3**

Овој план на програми за развој на Општина Гази Баба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/11**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ЦЕНТАР ЦРЕШЕВО - СТАЈКОВЦИ**

1. Се објавува Планот на Програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/10**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

## П Л А Н

## НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци -

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба донесе План на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на спортски центар Црешево - Стајковци.

**Член 2**

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Ознака на буџетска програма** | **ЈИ** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на спортски центар Црешево - Стајковци** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ЈИО** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **003892 322 66 55 / 3215 112** |
| **Функција:** | **Раководител на Сектор за локален економски развој** | **E-mail** | contact@gazibaba.gov.mk |
| **Адреса:** | **бул. „Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се подобри квалитетот на живот на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора, преку изградба на спортскиот центар до крајот на 2016 год.; Да се создадат инфраструктурни спортски предуслови за развој на спортот во населените места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Заштита на животната средина и здравјето на жителите на руралните населени места распослани на падините на Скопска Црна Гора; Да се создадат претпоставки за развој на локалната економија преку изградба на спортскиот центар Црешево - Стајковци; |
| **Планирани активности** | 1 - Изработка на основен технички проект за изградба на спортскиот центар; 2 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 3 - Добивање на одобрение за градба; 4 - Распишување на јавен повик за јавна набавка за изведувач на проектот; 5 - Изградба на спортскиот центар во периодот 2014 - 2016; 6 - Вршење надзор при изградбата; |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на спортскиот центар до крајот на 2016 год; 2 - Создавање на услови за ефектуирање на спортскиот потенцијал и развој на спортската култура на жителите од населените места распослани на Скопска Црна Гора; |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Планинскиот терен за изградба на спортскиот центар; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на спортскиот центар; 4 - Имотно - правните проблеми. |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Јануари 2014 година |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2016 година |
| **Вкупна вредност** | 45.000.000,00 денари |
| **Име на студија** | |
| **Ниво на студија*** | ГП |
| **Автор/Фирма, Седиште** | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | |

| | | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **15,000,000.00** | **15,000,000.00** | **15,000,000.00** | |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП = Главен проект
ПФС = Предфизибилити студија
ФС = Физибилити студија

**ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

| | | Динамика за финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2014 | Предвидени расходи 2014 | 2014 | 2015 | 2016 | По 2016 година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (630) | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Буџетско учество | С | 45,000,000 | | | 15,000,000 | 15,000,000 | 15,000,000 | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Влада на РМ ** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупно заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | 0 | 0 | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **45,000,000** | | | **15,000,000** | **15,000,000** | **15,000,000** | **0** |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.

Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)*

**Член 3**

Овој план на програми за развој на Општина Гази Баба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/12**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1485 ЗА КП 234/2 и КП 231/1 КО ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-1485 за КП 234/2 и 231/1 КО Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/11**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 55/12 и 72/13), член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12 и 95/13 ) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1485 ЗА КП 234/2 и КП 231/1 КО ГАЗИ БАБА

### Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект-зграда број 6 со намена ПО-Помошен објект, со УП1 бр.28-1485 од 06.04.2011 година од страна на лицето **Биљана Иванова-Кољачкова** од Скопје, а се однесува на објект кој се наоѓа на КП 234/2 и 231/1 КО Гази Баба ул.”Гемиџиска” бр.36, Советот на Општина Гази Баба констатира дека може да се изврши поместување на станбената улица во урбанистичко-планска документација, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став 1 алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација (Сл.весник на РМ бр. 56/11 , 162/12 и 95/13 ).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член, е предвидена за изградба со Деталниот урбанистички план за нас. “Железара” Локалитет В усвоен од Советот на Општина Гази Баба, со Одлука бр.07-1064/5 од 28.12.2004 година (Службен гласник на гр.Скопје бр.13/04).

### Член 2

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба за предметниот локалитет, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, заради вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот локалитет.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/13**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1429 ЗА КП 4436 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

1. Се објавува Одлуката со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-1429 за КП 4436 КО Сингелиќ -1, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/12**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 55/12 и 72/13), член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12 и 95/13 ) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1429 ЗА КП 4436 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект-зграда број 4 со намена ПО-помошен објект со УП1бр.28-1429 од 05.04.2011 година од страна на лицето **Благоја Стојановски** од Скопје, а се однесува на објект кој се наоѓа на КП 4436 КО Сингелиќ-1 ул.”Антон Попов” бб., Советот на Општина Гази Баба констатира дека не може да се изврши поместување на станбената улица со паркинг простор во урбанистичко-планска документација, заради вклопување на бесправно изградениот објект, согласно член 2 став 1 алинеа 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (Сл.весник на РМ бр. 56/11 ,162/12 и 95/13).

Сообраќајната инфраструктура од став 1 на овој член, е предвидена за изградба со Детален урбанистички план за МЗ МАЏАРИ ИИ усвоен од Советот на Општина Гази Баба, со Одлука бр.08-1480/1 од 14.07.1994 година (Службен гласник на Град Скопје бр.5/94)

**Член 2**

Не се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на подрачјето на Општина Гази Баба за предметниот локалитет, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, заради вклопување на бесправно изградениот објект.

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од став 1 од овој член, нема да се изработи и донесе урбанистичко-планска документација за конкретниот локалитет.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-5140/14**
**од 29.11.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13 и 14/13), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1117 ЗА КП 1169 КО СИНГЕЛИЌ - 1**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.28-1117 за КП 1169 КО Сингелиќ -1, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.11.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5287/13**
**од 03.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 55/12 и 72/13), член 2 став (1) алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12 и 95/13 ) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Единаесеттата седница одржана на ден 29.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.28-1117 ЗА КП 1169 КО СИНГЕЛИЌ - 1

### Член 1

